Совет на Општина Делчево
Број 09-2537/2
31.07.2026 година

ЗАПИСНИК
од одржаната 14 Седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 31.07.2026 г. (петок) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа 12 членови на Советот.

На Седницата присуствуваше и Ана С.Димитровска , раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, во својство на образлагач.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Николчо Стојменовски кој за 14. Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

Дневен ред

1. **Предлог-** Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година
   Образлагач: Ана С.Димитровска , раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред.
Бидејќи никој не се јави за збор, Дневниот ред беше ставен на гласање. Дневниот ред беше усвоен **со 11 гласа „ЗА“ ,** 1 не гласал.
Седницата продолжи по Дневниот ред.

1. **Точка број еден- Предлог-** Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година**.**

Образложение по точката даде Ана С.Димитровска , раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, која истакна: Предлог-одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година е изготвена согласно Законот за буџетите, законот за финансиање на ЕЛС и законот за локална самоуправа, со цел усогласување на буџетот со досегашната реализација на приходите и расходите и обезбедување средства за непречено извршување на програмските активности до крајот на буџетската година. Со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година, извршени се измени и дополнувања на Буџетот на општината, односно извршено е зголемување на основниот а со тоа и на вкупниот буџет за износ од 24.210.764 денари , односно зголемување од 5 %, и вкупниот ребалансиран буџет ќе изнесува 509.902.581 денари.

Вкупните приходи во основниот буџет се зголемени за износ од 24.210.764 денари. Зголемувањето е евидентно кај следниве приходни ставки:

—>**Конто 741112**-Трансфери од Буџетот на РСМ, овде имаме зголемување од 2.000.000 денари согласно склучениот договор за реализација на проект со Бирото за регионален развој за Набавка на механизација за одржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби во Делчево.

—>**Конто 741114**-Пренесен вишок на приходи, овде имаме зголемување по основ на салдо на буџетска сметка од 31.12.2025 година во износ од 424.390 денари, и износ од 553.480 денари , средства по грешка префрлени на наменска сметка на ЈПДП, наместо на наменска сметка за мерна станица за ПМ честички;

—>**Конто 741114**-Дотација од ДДВ, овде имаме зголемување 15.560.668 денари, од кои дел за воедначување во износ од 7.533.112 денари и дел за перформанси во износ од 8.027.556 денари.

—>**Конто 741211**-Капитални трансфери-овде имаме зголемување за 5.672.226 денари по основ на склучени договори со проекти од вториот повик согласно Одлуката бр.135 за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот и заштитата на животната средина за 2025 година.

Што се однесува до билансот на расходите, истиот изнесува 509.902.581 денари, и износите се менуваат како што следува во Предлог -Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2026 година. При анализата на основниот буџет ќе видиме дека и билансот на расходи се зголемува исто така за 24.210.764 денари, како и билансот и приходи, значи промената се однесува само на основниот буџет.

Од анализата на расходниот дел на основнот буџет може да се види дека во делот на група 40 плати и надоместоци имаме зголемување на расходите за 115.382 денари, Позначително зголемување од 11.643.037 денари има кај група 42 стоки и услуги. Во оваа група позначителни зголемувања имаме кај конто 421 за комунални услуги во износ од 2.930.000 денари, понатаму кај конто 424 за 3.390.162 денари овде имаме најголемо зголемување на ставката расходи за одржување на зелени површини односно за исплати кон ЈКП Брегалница, кај договорните услуги зголемувањето е за 2.070.800 а се однесуваат на Програмата за јавни работи, за општинско корисна работа, за програми преку АВРСМ, и кај конто 427 привремени вработувања во износ од 3.730.000 денари.

Во група 46-субвенции и трансфери имаме зголемување за 689.870 денари а кај социјалните бенефиции имаме зголемување за 967.703 денари, овде се предвидени расходи согласно измената на програмата за социјална заштита односно за исплата на решенијата за еднократен паричен износ за онколошки пациенти и еднородителски семејства. Кај капиталните расходи имаме зголемување за 10.794.772 денари, а се однесуваат на расходи поврзани со наши преземени обврски по основи на кофинансирање на проекти за изградба и реконструкција на улици. Во посебниот дел од буџетот се дадени сите измени и дополнувања по ставки, програми и потпрограми.

По образложението, претседателот отвори расправа. За збор се јави советникот Игор Гошевски кој рече дека сака да постави две прашања во однос на 2 ставки, од програмата Н0 општинска администрација, во ставката 425 договорни услуги, од моменталните 879.800 денари, имаме зголемување на 1.619.800 денари, исто така ставката 427 привремени вработувања од 1.770.000 денари, ја зголемуваме за 1.500.000 денари, дали овој ребалан го правиме само за зголемување на вработувањата.

За збор се јави образлагачот Ана.С.Димитровска која истакна дека ребалансот не е само за вработувањата, кога се распише нов тендер за времени вработувања треба да има предвидено и пари за тоа. Во ставката 425 има зголемување но тука не се само привремените вработувања туку и ОКР, јавните работи и сл.

За збор се јави Андријана Илиевска Велковски која истакна дека имала можност да присуствува на Комисијата за буџет иако не е член на таа комисија, и увидела дека овој ребалан е многу добро осмислен и ги покрива најбитните работи, верува дека понатаму ќе следи и друг ребаланс и дека со овој ребаланс не се опфатени само привремените вработувања иако привремените вработувања се важни бидејќи некој јаде леб од тие пари, но тука се обезбедувањето на механизација за одржување на локалните патишта, социјалните бенефити, исплатата на првачињата, јубилејните награди за пожарникарите, реконструкцијата на патиштата и сл. Ви честитам на тоа како сте успеале од задолжена општина да го извлечете најдоброто.

Ана С.Димитровска одговори дека сега ќе следува и втор ребаланс, најверојатно во Септември или Октомври месец и тоа највеќе за буџетските корисници, бидејќи овој ребаланс сега се однесува само на основниот буџет.

За збор повторно се јави Игор Гошевски кој истакна дека согласно член 166 од Деловникот за работа на Советот, советничката група на СДСМ поднесува амандмани на ребалансот.

Претседателот на Советот, Николчо Стојменовски упати прашање до претседателот на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР Горан Николовски, дали до Комисијата претходно се доставени амандманите.

Горан Николовски одговори дека до Комисијата не се доставени споменатите амандмани и смета дека не треба ниту да се разгледуваат на седницата на Советот.

Андријана И.Велковски истакна дека овде има голем број на амандамни и не е фер да се доставуваат до советниците на самата седница, и дека тие немаат време да ги разгледуваат.

Иако колегата Гошевски се потрудил да ги подготви овие амандмани но требало да ги достави навремено и дека самиот колега Гошевски многупати реагирал на навремено доставување на материјалите за седниците. Неможе амадмани да се доставуваат во пет до дванаесет односно во дванаесет и пет.

За реплика се јави Игор Гошевски кој истакна дека членот од Деловникот за работа дозволува амандмани да се поднесуваат и кога самата точка се разгледува.. И ребалансот требаше да се достави 15 дена пред разгледувањето но не се достави. Имавме време само од една недела да ги подготвиме амандманите и затоа се доставени денес.

Ана С.Димитровска истакна дека тој рок од 15 дена се однесува само на донесување на Буџетот.

Претседателот на Советот Николчо Стојменовски го стави на гласање предлогот амандманите поднесени од Игор Гошевски да се разгледуваат на самата седница и повика на гласање: со 3 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“ претседателот констатира дека предлогот амандманите поднесени од Игор Гошевски да се разгледуваат на самата седница, не е изгласан.

Бидејќи никој друг не побара збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

За точката гласаа 13 советници со што со 10 гласа „ЗА“ 1 „ПРОТИВ“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“ Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година **беше донесена.**

По исцрпување на Дневниот ред, претседателот ја затвори Седницата.
Седницата заврши во 11.00 ч..

Записникот го водела
Сузана Петровска

Совет на Општина Делчево
Претседател
Николчо Стојменовски

Прилог кон записникот:

- Записник од седницата на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР,
- Листа на присутни членови на Советот